ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

1. Се објавува Програма за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош, донесена на 6. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 26 декември 2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-11062/18**
**Датум:29.12.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Сотир Лукровски**

*ул.„Никола Русински“ бр.11 тел. 02/3055 -901, 02-3055-902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2024), Советот на Општина Карпош на 6. седница, одржана на 26 декември 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за одбележување на 50-годишнината од формирањето на Општина Карпош**

## II. Проектни активности

| 1. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Пуштање во употреба на нови инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство. |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација на општината, размена на искуства помеѓу општина Карпош и збратимените и пријателските општини; |
| **Целна група:** | Општината, урбаните и месните зедници. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **50.000,00 денари** |

| 2. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Организирање на трибина, дебата или тркалезна маса на актуелна тема |
| **Стратешки насоки и цели:** | Квалитетно живеење на граѓаните грижа за здравјети и безбедна и сигурна човековата околина. |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација на општината, размена на искуства. |
| **Целна група:** | Општината, урбаните и месните зедници. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **50.000,00 денари** |

| 3. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Културно-забавни активности:<br>-организирање на музички концерт;<br>-изложба на слики |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција и афирмација на општината, |
| **Очекувани резултати:** | Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство.<br>–Презентација на општина Карпош преку разновидни манифестации и настани. |
| **Целна група:** | Граѓаните на општината |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **650.000,00 денари** |

| 4. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спортски активности:<br>– организирање на спортски натпревари;<br>– ревијален натпревар со екипи од збратимените општини;<br>– промоција на талентираните спортисти, и<br>– училишни спортски игри. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција на спортот и талентирани спортисти со постигнати резултати. |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација на спортот и потикнување за спортисти. |
| **Целна група:** | Граѓаните на општината, млади талентирани |

| | |
|---|---|
| | спортисти, спортски клубови, ученици и спортисти |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 250.000,00 |

| 5. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Манифестации што ќе се организираат од основните училишта во општина Карпош<br>– цветен собир – цветно дефиле;<br>– литературен конкурс;<br>– квиз;<br>– изложба од конкурсот за најдобра фотографија на учениците од основните училишта, и<br>– доделување на стипендии за талентирани ученици од основното образование на подрачјето на општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Афирмација на талентирани ученици. |
| **Очекувани резултати:** | Промоција на млади таленти. |
| **Целна група:** | Ученици од основните училишта. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **Средствата се предвидени од програмата за образование, спорт и култура** |

| 6. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Хуманитарна акција „Да бидеме хумани за нашите соседи“ (собирање на хуманитарна помош за најзагрозените семејства на територијата на општина Карпош); |
| **Стратешки насоки и цели:** | Помагање со материјални средства на социјално загрозени граѓани. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Спроведување на хуманитарна акција за обезбедување на повеќе продукти за социјалниот пакет. |
| **Целна група:** | Општината, доброволни организации, граѓаните, вработените во општината, училиштата и детските градинки. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 50.000,00 |

| 7. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Крводарителска акција |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигнување на свеста за крводарителство |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација на хуманоста |
| **Целна група:** | Граѓани крводарители |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **Средствата се предвидени во програмата за развој** |

| 8. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Свечена академија<br>-протоколарен дел, и<br>-доделување на плакети за заслужни граѓани и доделување плакети на граѓани за постигнат успех на општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција и афирмација на општината, |
| **Очекувани резултати:** | Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости и гости од странство. |
| **Целна група:** | Граѓаните на општината, домашни гости и гости од странство. |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | **500.000,00 денари** |

| 9. | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Сместување и организирани содржини од туристички, културен и забавен карактер за гостите од збратимените и пријателските општини: Општина Тиват – Црна Гора, Општина Нови Београд, Општина Сремски Карловци, Општина Врњачка Бања – Република Србија, Општина Тријадица – Република Бугарија, Општина Стари Град – Сараево, Општина Травник – Босна и Херцеговина, Флори-сур-Орн (Долна Нормандија) – Франција, Лапта- Турска Република Северен Кипар, Исла -Малта и Живинице- Федерација Босна и Херцеговина. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција и афирмација размена на искуства на општината со збратимените општини и бизнис секторот. |
| **Очекувани резултати:** | Достојно одбележување на годишнината од формирањето на Општина Карпош, како и промоција на можностите и резултатите пред домашни гости, гости од странство и бизнис секторот. |
| **Целна група:** | Гости од странство, бизнис сектор и вработените во општината. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **450.000,00 денари** |

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 2.000.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно со потребите ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Секторот за поддршка на Градоначалникот, со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

**Број: 09-11690/21**
**Датум: 26.12.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**
**Христо Саракинов**